# Bonding

Зајакнување на меѓугенерациската солидарност и учење преку градење пријателства помеѓу младите и постарите лица

## БИЛТЕН #2

февруари 2023

## Содржина

СТРАНА 2
**Првите проектни резултати се достапни!**

СТРАНА 3
**Искуството на проектниот тим од семинарот во Италија**

СТРАНА 7
**Проектен тим**



Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

# Првите проектни резултати се достапни!

Првиот проектен резултат “**Мапирање на сервисите за спријателување**” е завршен и е достапен сега на веб-страницата на проектот.

Можете да го најдете **овде**!

Првите проектни активности опфатија мапирање на добрите практики од сервисите за спријателување кои што се обезбедуваат од страна на младите низ Европа како и научените лекции. Овие резултати беа клучни во подготовката на **BONDING е-курсот "Младите се спријателуваат со постарите".** Тоа воедно е вториот проектен резултат кој што е во процес на тестирање, пред да биде објавена завршната верзија.

# Искуството на проектниот тим од семинарот во Италија

Во ноември 2022, претставниците од проектните организации присуствуваа на **семинар** што се оддржа во Карпи, Италија.

Семинарот беше главно наменет за проектниот персонал кој ќе биде вклучен во процесот на менторирање на млади луѓе кои се заинтересирани да воспостават услуги за спријателување помеѓу младите и постарите лица по завршување на е-курсот.

Главната цел на семинарот беше да ги подготви организациите и проектниот персонал со потребните знаења, ставови, вештини и алатки за успешно **менторирање на млади луѓе во процесот на волонтирање и воспоставување услуги за спријателување наменети за стари лица**. На крајот од семинарот учесниците се стекнаа со потребното разбирање за целите на процесот на менторството, за зајакнување на вештините за градење и одржување ефективен менторски однос со младите и за подобрување на основните вештини за менторство кои вклучуваат активно слушање, поддршка и решавање конфликти.

Сите партнерски организации фацилитираа по една сесија што придонесе за успешно спроведување на семинарот.

Партнерите од Македонија го започнаа семинарот со сесија која ги опфати **клучните концепти и придобивки од менторството** помеѓу менторите и волонтерите. Главната цел на сесијата беше да се обучат учесниците за тоа како да воспостават успешен менторски пристап. За време на сесијата се дискутираа многу теми вклучувајќи и што претставува ефективна менторска соработка, како истата може да се создаде и кои се најважните карактеристики што еден ментор треба да ги поседува. Сесијата заврши со активноста "Градење менторска статуа", во која секоја од групите имаше можност преку статуата да ги прикаже сите важни работи кои го сочинуваат менторството, користејќи соодветни материјали. На крајот секоја од групите ја презентираше својата креација и елаборираше како таа ги претставува концептите за кои што се разговараше во текот на целата сесија.



Сесијата што ја фацилитираа Италијанските партнери, беше со фокус на **комуникацијата.** Целта беше, да се даде важност повеќе на тоа што се подразбира под терминот комуникација и кои се клучните компоненти. Учесниците имаа можност да се фокусираат на главните компоненти кои ги содржат меките вештини како ефикасно и ефективно комуницирање во текот на менторството. За учесниците беше особено интересно да се практикува невербална комуникација и да се согледа како говорот на тело (изрази на лицето, гестови, држење) и тонот на гласот се моќни алатки за комуникација кои често ги користиме несвесно но покажуваат некогаш повеќе од зборовите кои што ги кажуваме.

Партнерите од Кипар ја водеа сесијата чиј фокус беше разбирање на важноста на учењето и прифаќање добри практики во обезбедување на **поддршка и снабдување со повратни импресии и впечатоци.**



Беа претставени три модели на повратни информации: моделот на Пендлтон или правилото на Пендлтон, моделот IDEA и моделот сендвич. Учесниците добија време да ги применат сите модели во пракса. Беа презентирани и дискутирани и други аспекти кои се клучни во изразувањето повратни впечатоци, како може да се реагира при давањето повратни информации, итн. Активностите во текот на сесијата ги поттикнаа учесниците да размислуваат рефлективно и беа охрабрени да зборуваат за позитивните и негативните искуства.

Партнерите од Полска ја спроведоа сесијата онлајн со главен фокус на тоа како да се **поставаат определени цели**. Целите се сметаат за клучен аспект во продлабочување на интересот на младите кои ќе бидат дел од активностите за спријателување со постарите. Поставувањето на целите е моќен процес што ги поттикнува младите да размислуваат за тоа што сакаат да постигнат преку нивното волонтирање а воедно и за да се мотивираат како и да ги претворат своите визии во реалност.

Сесијата што ја одржаа партнерите од Грција ги претстави фазите на менторскиот процес со цел идните ментори да бидат свесни за тоа **кога и како треба да се заврши соработката помеѓу волонтерите и менторите**. Особено важно е да се зајакнат вештините на волонтерите со цел тие да станат поавтономни во спроведувањето на активностите за спријателување со постарите, за во одреден момент, со поддршка на нивните ментори, тие да можат да прават планови и да поставуваат цели за иднината за на крајот да бидат самостојни во целост.

Семинарот го заврши партнерите од Шпанија, кои одржаа сесија на тема **разрешување на конфликти**, со фокус на прикажување на што е конфликт, истражување на честите причини кои предизвикуваат конфликт и генерално околу спријателувањето (можни конфликти помеѓу менторите и волонтерите), како и учење на методи за справување со конфликти. Учесниците зедоа активно учество во две активности со цел да откријат кои се чекорите што треба да се преземат за ефективно надминување на конфликтите.



# Bonding

## Проектниот тим

PCG POLSKA
A PUBLIC CONSULTING GROUP COMPANY

KMOP
KINDLING A BETTER WORLD

KMOP
SKOPJE

CARDET

FUNDACIÓN
intras

ANS
Anziani e non solo
società cooperativa sociale

Поддршката на Европската комисија за изработката на оваа публикација не претставува одобрување на содржината, која ги одразува само гледиштата на авторите, а Комисијата не може да биде одговорна за било каква употреба на информациите содржани во неа.

Заследете не на фејсбук страната!